Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 27.10.2025 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за санација и стабилизација на свлечиште на регионален пат Р2331 со изградба на мост на патен правец Битола-Нижеполе, Општина Битола се изработува за санација и стаилизација на свлечиште односно проектирани се низа на мерки за стабилизирање на нестабилната зона.

Актуелниот проблем со свлекување на теренот на предметната локација е застапен подолго време. Станува збор за свлечиште од поголеми димензии кое за прв пат се активирало во 70-тите години на минатиот век. Низ годините па се до ден денес во неколку наврати правени се истражни работи, како и обиди за санација на свлечиштето и стабилизација на теренот. Изведуваните санациони мерки во одреден период се покажуваат како задоволителни при што повторно се актуализира проблемот.

Треба да се истакне дека паралелно со регионалниот патен правец, предмет на оваа техничка документација, поминува собирен (алиментационен) канал кој е во склоп со хидро-мелиоративниот систем "Стрежево".

Поради сето наведено погоре како и комплексноста на проблематиката, санационите мерки на коловозот предвидено е да се изведуваат во две карактеристични фази.

Фаза I - Во оваа фаза, со цел попрецизно да се определат деформациите, односно брзината на ползење, како и насоката на деформации, границите на активната зона и сл., предвидено е да се изведат оскултациони конструкции. Со цел да се оскултираат деформациите на теренот

како на површина така и во длабочина предвидено се да се изведат површински геодетски реперни точки и инклинометарски конструкции.
Фаза II - Оваа фаза се предвидува да се изведе доколку со мерките во прва фаза не се постигнат задоволителни резултати по однос на деформациите кои се јавуваат на коловозот. Односно доколку по завршувањето на првата фаза сеуште се појавуваат драстични деформации на коловозната конструкција кои ја нарушуваат функционалноста на коловозот, се спроведуваат мерките од Фаза 2.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната. http://mtc.gov.mk.

Бр. 67-1978/7
Датум: 27.10.2025
Место: Скопје

**Министер**

**Александар Николоски**